ISSN 1857-5323

University American College - Skopje

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 72

Скопје, 02.10.2019 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

## СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на применета економија и економски развој на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 11**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во насловно звање вонреден професор по група предмети од областа на деловно и трудово право на Факулетот за правни науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 18**
**РЕФЕРАТ**
за избор во соработничко звање асистент по група предмети од областа на применета економија и финансии на Факулетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-878/3 од 04.07.2019 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки, одржана на 04.07.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања за област применета економија и економски развој на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Независен" на 18.06.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

1. *Д-р Марјан Петрески*

Врз основа на приложената документација од кандидатот,на Наставно - научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки му го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Марјан Петрески (1982) е Проректор за научно-истражувачка работа на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и Вонреден професор по Економија и Квантитативни методи на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје од февруари 2011 година.

Академските титули ги стекнал на Универзитетот во Битола (во областа Финансии, 2005); на Универзитетот од Шефилд, Англија (во областа Меѓународни финансии и банкарство, 2006); во Центарот за создавање на ЕУ во Берлин, Германија (во областа Европска интеграција, 2007); на Универзитетот Стафордшир, Англија (од областа на Методите на истражување, 2008), а на истиот Универзитет Стафордшир ја стекнал и докторската титула (во областа Монетарна економија, 2011). Темата на докторската теза е „Промена на режимот на монетарната политика од режим на таргетирање на девизниот курс кон режим на таргетирање на инфлацијата, со посебен осврт на земји во развој".

Д-р Петрески е добитник на признанието за Млад научник на годината 2009 од Македонската Академија на Науките и Уметностите и на наградата Olga Radzyner 2010 од Централната Банка на Австрија (The Oesterreichische Nationalbank) за трудот: „Ремонт на една доктрина: Дали таргетирањето на инфлацијата отвори нова ера за земјите во развој со фиксни курсеви?", како и на Јапонската награда за исклучително истражување за развој во 2013 година за предлог-истражувањето „Анализа на родовиот јаз во платите кога жените се високо неактивни: Докази со повторени импутации со македонски податоци".7

Повеќето од неговите неодамнешни истражувања се фокусираат на пазарот на труд, како и на серија развојни прашања како дознаките, сиромаштијата и нееднаквоста.

Д-р Петрески работел во Министерството за финансиии (2006-2008) и во Народна Банка на Република Македонија (2008-2010) како макроекономист-истражувач.

Посетувал разни обуки од областа на макроекономијата, финансиите и применетата економетрија, и тоа: Европско Централно Банкарство (2006) на Goethe Universitat и

European Central Bank во Франкфурт; Макроекономски менаџмент (2007) и Макроекономско прогнозирање (2008) на Joint Vienna Institute; Извршување на буџет (2007) во Center of Excellence in Finance во Љубљана; Избор на економетриски модел (2008) и Напредна мета-регресивна анализа (2008) на University of Oxford; Моделирање на кредитен ризик (2009) на Financial Stability Institute во Базел; Макроеконометриско моделирање и прогнозирање (2009) во Скопје; Динамичка и нелинеарна панел анализа и моделирање (2009) на University Pompeu Fabra во Барселона; Анализа на монетарната политика (2011) на Joint Vienna Institute, Практично моделирање во ГАМС (2011) од страна на ЕкоМод, Белгија.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Кандидатот е автор на шест меѓународни книги, 11 поглавја во меѓународни книги, повеќе трудови во рецензирани меѓународни списанија од кои 27 труда во списание со импакт фактор листирано на Thomson Reuters-Journal Citation Reports. Досега, со свој труд авторот учествувал на над 50 научно-истражувачки конференции ширум светот. Раководел или учествувал во над 30 истражувачки проекти, од кои најголем дел од меѓународен карактер.

Петрески има h-index на Web of Science od 4, со 27 цитирања на трудоите објавени на JCR-Thomson Reuters, додека h-index-от на Google Citations е 11, со 383 цитирања на вкупната листа на трудови.

Во продолжение следува листа на 6 труда неопходни во избор на наставно-научно звање редовен професор:

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (18 јуни 2019) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| Petreski, M. (2019) Remittances and labour supply revisited: New evidence from the Macedonian behavioural tax and benefit microsimulation model. Migration Letters, 16(2), p.219-236. | Да, јануари 2019 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование |
| Petreski, B., | Да, 2018 | Да. Утврдено | Да. Научно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Tumanoska, D., Davalos, J. and Petreski, M. (2018) New light on remittances-poverty-health nexus in Macedonia. International Migration, 56(5), p.26-41. | | според расположливи информации на интернет страницата од списанието | списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование |
| Petreski, M. (2018) Public provision of employment-support services to youth jobseekers: Effects on informality and wages in transition economies. International Journal of Manpower, 39(6), p. 820-839. | Да, 2018 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование |
| Petreski, M. (2018) Is informal job experience of youth undermining their labor-market prospects in transition economies? Open Economies Review, 29(4), p. | Да, 2018 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 751-768. | | | списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование |
| Petreski, M. (2018) Has CEFTA increased members' trade? Evidence with an enlarged set of plausibly exogenous instruments. Czech Journal of Economics and Finance, 68(3), p. 294-317. | Да, 2018 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование |
| Petreski, B. and Petreski, M. (2018) Does motherhood explain lower wages for females in Macedonia? Ekonomska istrazivanja - Economic Research. 31(1), p.352-375. | Да, 2018 | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование |

Во продолжение листа на објавени книги или учебни помагала:

1. Petreski, M. (2018) *Research tools in economics. A think-tank perspective*. Skopje: Finance Think. (in Macedonian)
2. Petreski, M. and Vchkov, I. (2017) *Gender and motherhood wage gaps in Macedonia: Manual for calculation with applications in STATA*. Skopje: Finance Think.
3. Petreski, M. and Petreski, B. eds. (2016) *Migration as Social Protection: Evidence from Macedonian, Albanian and Serbian Remittance-receiving Households.* Lambert Academic Publishing.
4. Petreski, M. and Jovanovic, B. eds. (2013) *Remittances and Development in the Western Balkans: The cases of Macedonia, Kosovo and Bosnia-Herzegovina.* Scholars' Press.
5. Petreski, M. (2013) *Essays on Inflation Targeting.* Scholars' Press.
6. Petreski, M. (2011) *Monetary-regime Switch from Exchange-rate to Inflation Targeting: with Reference to Developing Economies*. LAP Lambert Publishing.

Кандидатот покрај научната работа, има голем придонес во оспособувањето на помлади наставници и активно работи како нивен ментор во целокупниот наставен процес, на магистерско и докторско ниво. Тој е ангажиран во реализација на настава на прв, втор и трет циклус студии и истовремено се јавува како ментор на повеќе магистранти, но и како член на комисии за оценка и одбрана на магистерски тези. Неговата студентска евалуација изнесува над 90% со што се докажува неговата способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност.

Д-р Петрески е претседател на Комитетот за научно-истражувачка работа, и член на Комисијата за финансирање научно-истражувачки активности на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и има значаен придонес во зголемување на квалитетот на висообразовната дејност а посебно на развојот на научно-истражувачката работа на Универзитетот.

***Оптшествена дејност***

Д-р Марјан Петрески е еден од основачите на Институтот за економски истражувања и политики Finance Think Скопје, во рамки на кој ја врши фунцијата Стратегиски советник.

Моментално, д-р Петрески е член на Одборот на директори на Американската стопанска комора во Македонија, како предлог на УАКС, со 2-годишен мандат.

Д-р Петрески соработува на развојната агенда со скоро сите меѓународни финансиски институции и организации.

Активно учествува во економска дебата во земјата и регионот; активен блогер на проминентниот економски магазин Капитал и сл.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната и научната активност на д-р Марјан

Петрески, Комисијата констатира дека кандидатот покажува постојан и прогресивен стручен и научен развој.

Научно-истражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдува неговата ориентација за системски пристап кон непосредната поширока област и проблематика којашто се однесува на предметите за коишто кандидатот конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна и стручна активност на кандидатот, комисијата оценува дека д-р Марјан Петрески ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет, д-р Марјан Петрески да биде избран во наставно-научно звање редовен професор по група предмети од областа на применета економија и економски развој на Факултетот за деловна економија и организациони науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Томе Неновски, с.р.,
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Евица Делова-Јолевска, с.р.,
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Анета Крстевска, с.р.,
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ДЕЛОВНО И ТРУДОВО ПРАВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки, на својата 4-та седница одржана на ден 06.09.2019 година, во врска со избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на деловно и трудово право, со одлука бр. 15-1179/3 од 06.09.2019 година, бевме избрани за членови на рецензентска комисија.

На конкурсот објавен во весникот "Независен весник" од 18.06.2019 година се пријави само кандидатот, д-р Зоран Михајлоски, насловен вонреден професор на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Врз основа на анализата на поднесените документи на кандидатот и во согласност со одредбите на Законот за високо образование, го поднесуваме следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

Заедно со биографијата, кандидатот доставил:
- Уврение и диплома за завршен прв циклус на студии (нотарски заверени)
- Уверение и диплома за завршен втор циклус на студии ( нотарски заверени)
- Уверение и диплома за завршен трет циклус на студии ( нотарски заверени)
- Кратка биографија,
- Листа од научни трудови објавени вомеѓународни научни публикации, односно списанија
- Потврда за познавање на англиски јазик,
- Уверение за државјанство

1. **Општи податоци**

д-р Зоран Михајлоски е роден на 20.04.1960 година во Гостивар. Во 1985 година дипломирал на Правниот факултет во Скопје, при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј". Правосудниот испит го положил во 1986 година. Во 2004 година се запишал на постдипломските студии по деловно право на истиот факултет, каде што магистрирал во 2007 година, стекнувајќи се со академски степен – магистер на правни науки од областа на деловното право. Истата година се запишал на докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје, каде што по успешната одбрана на докторската дисертација во јули 2009 година се стекнал со звањето – доктор на правни науки.

Неговата професионална кариера започнува веднаш по дипломирањето на Правниот факултет во Скопје во 1985 година, при што неговиот прв ангажман е како приправник и стручен соработник во Основното обвинителство Гостивар, каде што работел до 1988 година.

Во 1988 година, кандидатот е избран за судија во Основниот суд Гостивар која функција ја обавувал до 2002 година, кога е избран за судија во Апелациониот суд во Скопје, каде што работи до денес. Во моментот ја извршува и функцијата на претседател на специјализираниот совет за работни спорови во Апелациониот суд – Скопје.

Во 2010 година, кандидатот, д-р Михајлоски ја започнува и својата наставно-научна кариера на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, каде што истата година е избран во наставно-научното звање – насловен доцент по група предмети од областа на правните науки. Во рамки на наставата на првиот циклус студии изведува настава по предметите Меѓународно приватно право и Трудово право, додека на вториот циклус на студиите по деловно право изведува

настава по предметите: Корпоративно управување, Трудово право-практични примери и Граѓанско процесно право – практични примери. Кандидатот е автор на три монографии. д-р Михајлоски е автор и на повеќе од 15 научни и стручни трудови презентирани на домашни и меѓународни конференции и објавени во релевантни странски меѓународни списанија и журнали.

## 2. Останати професионални активности

д-р Зоран Михајлоски е избран за постојан едукатор и координатор на модулот по граѓанско право на почетната и континуираната обука во рамки на Академијата за судии и јавни обвинители на Р. Македонија. Воедно, избран е и за член на посебните комисии во рамки на Академијата за избор на стручна литература и организација на приемните испити за прием на слушатели во Академијата.

Помеѓу другите академски, едукативни и стручни активности, д-р Михајлоски е член и на ureduva~kiot odbor na stru~noto spisanie *Pravnik* vo izdanie na Zdru`enieto na pravnici na Republika Makedonija.

## 3. Преглед на поважни трудови во последните пет години

| Труд | Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (18 јуни 2019) | Рецензирано списание | Референтна научна публикација |
|---|---|---|---|
| ***Social Dialogue as a Form of Participation of Employees in Decision-Making and Management of the Companies with Emphasis on Social Dialogue in the Republic of Macedonia***, DOI: https://doi.org/10.5296/ijssr.v5i1.11010, International Journal of Social Science Research (Online ISSN: 2327-5510), Vol. 6, No. 1, March 2017, Macrothink Institute, USA<br>2019. | Да, 2019. | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет – EBSCO. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EMPLOYEES' PARTICIPATION IN THE MANAGEMENT AND DECISION MAKING IN PUBLIC ENTERPRISES AND INSTITUTIONS – THE CASE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA,** 4-th International Scientific Conference, University Goce Delchev – Shtip, September 2017, Conference Proceedings, ISBN 978-608-244-423-9, COBISS.MK-ID 103854858 | Да, 2017. | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет – EBSCO. |
| **The Position of Licensed Industries with Special Emphasis of the Republic of Macedonia,** 6-th International OFEL Conference on Governance, Management, Entrepreneurship, New Business Models: Leading Disruptive Change – Dubrovnik April, 2018 | Да, 2018. | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет – EBSCO. |
| **PARTICIPATION OF EMPLOYEES IN MANAGEMENT BODIES OF THE MACEDONIAN SHAREHOLDING COMPANIES,** Journal of Social Sciences Research, **Vol 10**, No. 2, ISSN 2321-1091, page 2060-2069 **Impact factor 1,13 -** http://cirworld.com/index.php/jssr/article/view/4468. | Да, 2018. | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет – EBSCO. |
| **DRIVING BUSINESS SUCCESS THROUGH KEY ORGANIZATIONAL DRIVERS OF EMPLOYEE ENGAGEMENT - CASE STUDY, Ponte Academic Journal -** (*International Scientific Researches Journal*), Florence, | Да, 2016. | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Italy, July 2016, **Volume 72,** Issue 7, http://dx.doi.org/10.21506/j.ponte.2016.7.28, ISSN: 0032-423X, E-ISSN: 0032-6356, Journal Metrics (JCR) **Impact factor: 0,724; 5-year Impact factor: 0,735** | | | три земји при што бројот на членови од една земја не надминува две третини од вкупниот број членови – Journal Metrics |
| **Implementation of the new Labor-law Institute in the Macedonian Labor Law,** меѓународна Kopaonicka skola prirodnog prava, R. Srbija, декември 2014 година. – casopis “Pravni Zivot”, ISSN 0350-0500, pochetna godina – 1951, **kategorija chasopisa PK 52, BICH impact factor 5: 0.093** | Да, 2014. | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не надминува две третини од вкупниот број членови – Pravni Zivot |
| **SOME THEORETICAL ASPECTS OF THE CORPORATE SOCIAL RESPONSIBILITY INFLUENCE ON THE BUSINESS FINANCIAL PERFORMANCES, (original scientific paper)** Economic Development – Journal of the Institute of Economics – Skopje ISSN 1409-7893, e-ISSN 1857-7741, UDK – 338, Year 17, No 1-2/2015**, Indexed in EBSCO** | Да, 2015. | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет – EBSCO. |

**4. Преглед на други објавени трудови**

**Покрај претходно наведените како поважни, кандидатот ги има објавено и следните научно – стручни трудови:**

- ***Трговец и трговец поединец***, Судска ревија бр.3/2004;
- ***Менаџерски договори***, Судска ревија бр.2/2006;
- ***Страни и фази на склучување на колективните договори***, Судска ревија бр. 3-4/2006;
- ***Принципи на корпоративно управување***; Судска ревија;
- ***Системи на управување со друштвата***; Судска ревија;

- ***Понуда на нов променет договор пред отказ,*** Правник, посебен додаток, судска пракса, 2007;
- ***Откажување на договорот за вработување од деловни причини,*** Правник, посебен додаток, судска пракса, 2007;
- ***Работно-правниот статус на менаџерите,*** Правник, посебен додаток, судска пракса, 2007;
- ***Аспекти од судската пракса за споровите од работните односи,*** Деловно право, Здружение на правници на Република Македонија, 2008 година
- ***Колективно договоарање и колективни договори,*** Судска ревија,
- ***Наградување на менаџерите,*** Судска ревија.
- ***Примена на чл.78 од законот за работните односи,*** Правник.
- ***Договор за уредување на односите на деловните лица со друштвото,*** Судска ревија , 2010;
- ***Конфликтот на интереси меѓу менаџерите и акционерите,*** Судска ревија, 2010;
- ***Имплементација на Конвенцијата за заштита од дискриминација на МОТ во националните законодавства,*** Заклучок од семинар на судии кои постапуваат по спорови од работен однос, Барселона, Шпанија, Октомври 2008.
- ***Наградување на членовите на органите на управување и на другите раководни лица (менаџерски договори) и нивниот работноправен статус(македонска практика, кодекси, европски препораки и други документи),*** Деловно право, мај 2010 година
- ***Работните односи во практиката на редовните судови,*** Деловно право, октомври 2010 година.
- ***Аспекти од судската пракса од споровите од работните односи,*** Правник, 2010 година.
- ***Партиципација на вработените во управување со друштвото,*** Судска ревија, 2010 година.
- ***Сличности и разлики помеѓу измената на договорот за вработување и понудата на нов променет договор пред отказ,*** Деловно право, октомври 2011
- ***Системи на наградување на менаџерите,*** Правник број 250 февруари 2013 година
- ***Рецензија на Водич за заштита и спречување од дискриминација,*** Британски совет, март 2013 година
- ***Аномалиите (дерогирање) на концептот на акционерството согласно Кривичниот законик на Република Македонија,*** Правник, јули 2013 година.
- ***Публикација: Водич за улогата на Комисијата за заштита од дискриминација во судска постапка и Преминување на товарот на докажување,*** Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ноември 2013 година

**5. Објавени книги и монографии**

- „***Колективни договори***“, Агенцијата „Академик“, 2007 година, Скопје.
- ***„Правниот статус на деловните лица“***, Селектор, Скопје 2010 година
- ***„Колективни договори - теорија и практика“*** Селектор, Скопје, 2010 година

**6. Конфереции, семинари и едукативни активности**

- Edukator na seminarot (obukata) posvetena na aktuelni pra{awa od Zakonot za trgovski dru{tva, nameneta za postojni sudii vo osnovnite i apelacionite sudii vo RM, vo organizacija na Akademijata za obuka na sudii i obviniteli na RM i poddr`ano od IPA programata na EU, 19 april 2012 godina, Skopje
- U~esnik (edukator) na sobirot na zdru`enieto na pravnici od oblasta na zdravstvoto, vo vrska so aktuelni pra{awa od domenot na trudovoto zakonodavstvo vo RM - Struga, 4 maj 2012 godina
- U~esnik (edukator) na ednodnevniot seminar vo Organizacija na Stopanskata Komora na RM, posveten na *Sobranieto na akcionerskoto dru{tvo i odgovornosta na menaxerite vo dru{tvoto*, 18 maj 2012 godina
- Organizator i u~esnik (edukator) na trkalezna masa posvetena na ***Mirnoto re{avawe na rabotnite sporovi***, vo sorabotka pome|u Fakultetot za pravni nauki pri UAKS i Ministerstvoto za trud i socijalna politika na RM - 30 maj 2012 godina
- Ostvarena rabotna poseta na *Agencijata za mirno re{avawe na rabotni sporovi na R. Srbija*, vo ramki na proektot za ***Mirnoto re{avawe na rabotnite sporovi***, Belgrad, 20-21 juni 2012 godina
- U~esnik (edukator) na ednodnevniot seminar vo Organizacija na Stopanskata Komora na RM, posveten na ***Aktuelni apekti na trudovo-pravnoto zakonodavstvo na R.Makedonija***, 22 juni 2012 godina
- U~esnik (edukator) na ednodnevniot seminar vo Organizacija na Stopanskata Komora na RM, posveten na ***Pravata i obvrskite na rabotnicite i rabotodava~ite soglasno doma{noto trudovo zakonodavstvo***, 6 septemvri 2012 godina
- U~esnik (edukator) na ednodnevniot seminar vo Organizacija na Stopanskata Komora na RM, posveten na ***Rabotno-pravniot status na zdravstvenite rabotnici i sorabotnici soglasno Zakonot za zdravstvena za{tita***, 12 septemvri 2012 godina
- U~esnik (edukator) na ednodnevniot seminar vo Organizacija na Stopanskata Komora na RM, posveten na ***Aspekti na kolektivnite dogovori i kolektivnoto dogovarawe; Potrebata od za`ivuvawe na mirnoto re{avawe na rabotnite sporovi***, 5 oktomvri 2012 godina
- U~esnik na trkaleznata masa vo organizacija na USAID i Akademijata za obuka na sudii i obviniteli na RM na tema: ***Detektirawe na potrebite za kontinuirana edukacija na sudstvoto vo oblasta na trgovskoto pravo***, so izlagawe na tema: *Aspekti na statusnata pozicija na menaxerite i nivnata odgovornost soglasno Zakonot za trgovski dru{tva*, 22 noemvri 2012 godina, Holidej In, Skopje
- U~esnik (edukator) na ednodnevniot seminar vo Organizacija na Stopanskata Komora na RM, posveten na ***Otka`uvaweto na dogovorot za vrabotuvawe poradi kr{ewe na rabotniot red i disciplina***, [tip, 4 dekemvri 2012 godina
- Edukator na obukata posvetena na Otka`uvaweto na dogovorot za vrabotuvawe vo organizacija na Centarot za organizaciona efikasnost pri UAKS, Skopje, 14 dekemvri 2012 godina
- Organizator i moderator na panel diskusijata na tema: Razgleduvawe na aktuelnite sostojbi so pravoto na {trajk vo Republika Makedonija, Fakultet za pravni nauki pri UAKS, 17 dekemvri 2012 godina
- Edukator na ednodnevnata obuka na tema: ***Najaktuelnite rabotno-pravni instituti vo svetlo na poslednite izmeni i dopolnuvawa na Zakonot za rabotni odnosi*** - Kapital Akademija, Hotel Stoun Brix, Skopje
- Edukator na ednodnevnata obuka na tema: ***Mobingot vo svetlo na Zakonot za spre~uvawe od voznemiruvawe na rabotno mesto*** - edukativen centar Klir Vju, Skopje - 25 juli 2013 godina

**7. Учество во експертски тимови:**

- Член на експертската група при Министерството за труд и социјална политика на РМ која изготви предлог текст на Законот за заштита од вознемирување на работно место
- Член на експертскиот тим на ОБСЕ кој во текот на 2013/14 година подготви Прирачник за антидискриминација

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Зоран Михајлоски, а во врска со одредбите на Законот за високото образование, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник, кој ги исполнува предвидените законски услови за избор во соодветното звање. Неговата наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од неговата научно - истражувачка и наставна област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека д-р Зоран Михајлоски ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје да изврши избор на кандидатот во **звање насловен вонреден професор** по група предмети од областа на деловно и трудово право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марко Андонов, с.р.,
Факултет за правни науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Зоран Шапуриќ, с. р.,
Факултет за правни науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Кимо Чавдар, с. р.,
Факултет за правни науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-878/6 од 04.07.2019 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 04.07.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент по група предмети од областа на применета економија и финансии на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во „Независен весник" на 18.06.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

***М-р Маја Кадиевска Војновиќ***

Заедно со биографијата, кандидатката има доставено уверенија и дипломи за претходно оформени степени на образование, како и список на објавени трудови. Врз основа на преглед и анализа на приложената документација од кандидатката, на Наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки при УАКС му го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

М-р Маја Кадиевска Војновиќ е родена на 21.05.1977 година во Скопје. По завршување на основното и средното образование (гимназија) со одличен успех, се запишала на додипломски студии на Економски факултет – Скопје при Универзитет „Св Кирил и Методиј" – Скопје, насока финансиско-сметководствен менаџмент. Студиите ги завршила во 2002 година стекнувајќи се со назив Дипломиран економист на отсекот Деловна (Бизнис) Економија.

Во 2005 година, се запишала на МБА (Master of Business Administration) програмата на Универзитет Шефилд - меѓународен факултет CITY College, Солун, Грција. Во 2007 година ги завршила двегодишните магистерски студии, со просек 63,58 кредити (работни напори потребни за да се положи, што е еквивалент на GPA 2,00). Магистерската теза на тема „Економската политика и макроекономските перформанси: случајот на Република Македонија (Economic Policy and Macroeconomic performance – The Case of Republic of Macedonia)" е оценета со 73 кредити (работни напори за одлична оцена, што е еквивалент на 78,4, согласно со системот на оценување на Универзитет Американ Колеџ Скопје), по што се здобила со титулата Магистер по деловна администрација.

Маја Кадиевска Војновиќ има 16-годишно професионално искуство во областа на макроекономскиот менаџмент, монетарната и фискалната политика, со богато искуство во доменот на изработка на макроекономски проекции, изработка на официјални извештаи и анализи, спроведување на монетарни операции, управување со девизните резерви, платните системи и управување со билансот на централната банка. Своето професионално искуство го стекнала во Народна банка на Република Македонија, каде што од јули 2011 година до јули 2018 година ја вршела функцијата вицегувернер и извршен член на Советот на Народна банка на Република Македонија, одговорен за Секторот за операции на финансиски пазари и платни системи. Во рамки на овластувањата била Претседател на Комитетот за инвестирање на девизните резерви на

Република Македонија, со одговорности како што се: насоки за стратешката алокација на девизните резерви, одлуки за тактичкото позиционирање на девизните резерви, имплементација на планот за инвестирање на девизните резерви и надзор над усогласеноста со регулативата и спроведувањето на Политиката и Правилата за управување и инвестирање на девизните резерви. Воедно, била и Претседател на Комитетот за управување со активата и пасивата на Народната банка со главни одговорности како што се, подготовка и доставување на Финансискиот план и Планот за инвестиции на Народната банка до Советот на НБРМ и следење на нивното извршување. Како Член на Комитетот за оперативна монетарна политика, главни одговорности во рамки на нејзиното делување биле давање насоки за носење одлуки за спроведување на монетарната политика, промени во поставеноста на монетарните инструменти, проекција на ликвидноста на банките и подготовка на анализи за макроекономските движења на домашен и меѓународен план за информирање на членовите на Комитетот.

Значајни проекти што се реализирани под нејзино раководство и супервизија се следните:

- Развој на нова поефикасна оперативна рамка за спроведување на монетарната политика и подготовка на Стратегија за деевроизација на македонската економија.
- Вклучување на Народната банка во Програмата на Светската банка за советување и управување со девизните резерви (Reserve Advisory and Management Program – RAMP), со што се овозможи спроведување на најдобрите практики и градење институционални капацитети во сите аспекти на управувањето со девизните резерви.
- Надградба на Македонскиот интербанкарски платен систем (МИПС – RTGS системот) за плаќања во евра преку воспоставување врска со системот ТАРГЕТ 2 на ЕЦБ и воспоставување електронско банкарство за вршење на платниот промет со странство за целите на државата и државните органи.
- Претседател на Работната група за изработка на Стратегијата за намалување на готовинските плаќања во земјата.
- Подготовка на нов Закон за платежни услуги и системи во кој се вградени одредбите од Директивата за платежни услуги на домашниот пазар (ПСД) и дел од одредбите од ПСД2, од Директивата за електронски пари и Директивата за конечност на плаќањата.
- Организација на редовните годишни конференции за плаќања и пазарна инфраструктура. Организација на 10-тото јубилејно издание на конференцијата со учество на високи претставници од ЕЦБ, гувернерот на централната банка на Холандија, извршни членови на Советот на централните банки на Португалија, Белгија и други.
- Организација на Конференцијата на високо ниво за монетарна политика и управување со финансиски средства со присуство на високи преставници од ММФ, СБ, БИС, ЕИБ, ЕБРД и други.

Во периодот од февруари 2003 година до јули 2011 година Маја Кадиевска Војновиќ извршувала повеќе функции во рамки на Дирекцијата за монетарна политика и истражување при Народна банка на Република Македонија. Како Советник - аналитичар во Дирекцијата за монетарна политика и истражување - Отсек за движења во надворешниот сектор, била одговорна за подготовка на проекциите на билансот на плаќања, анализа на надворешната одржливост на економијата, оценка на адекватноста на девизните резерви и одржливост на фискалната политика, подготовка на редовните извештаи на НБРМ, истражувачки проекти на различни теми и учество во дискусиите со ММФ и кредитните рејтинг агенции. Како аналитичар во Дирекцијата за монетарна политика и истражување - Отсек за движења во реалниот сектор, била раководител на

тимот за проекција на БДП и инфлацијата и одговорна за анализа на фискалната политика и извршувањето на Буџетот на РМ. Дополнително нејзиното професионално искуство вклучува Претседател на Комисијата за решавање по жалби од обласа на пазарот на хартии од вредност во 2011 година и Гостин предавач на Универзитет Американ Колеџ во Скопје и на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" – Скопје.

Во текот на својот професионален развој, таа се стекнала со сертификати и потврди од 28 стручни обуки, семинари и работилници од областа на макроекономијата и финансиите, во организација на Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка, Банката за меѓународни порамнувања, Системот на федерални резерви на САД, Европската Централна Банка, централните банки на Англија, Швајцарија, Германија и други земји од Европам и од регионот. Има посетено и две значајни програми за лидерство: Колоквиум за извршни лидери, 2015 година, Светска банка, Виндзор, Велика Британија (Executive Leadership Colloquium, 2015, World Bank, Windsor, UK) и Програма за лидерство и управување со промени, 2017 година, Светска банка и катедрата за менаџмет при Универзитетот Јејл, Њу Хевен, Конектикат, САД (Leadership and Change Management Executive Program, 2017, World Bank Treasury and Yale School of Management, New Haven, Connecticut, USA).

Во својата професионална кариера била говорник и панелист на 20 меѓународни научни и стручни конференции и форуми и на повеќе од 20 домашни стручни и научни настани и конференции.

Меѓу позначајните учество на стручни обуки, семинари и работилници се издвојуваат следните:

1. Business English (1999, UCI, California)
2. Written Communications (2004,CEF Ljubljana, Slovenia)
3. Macroeconomic Forecasting (2004, IMF Institute Vienna, Austria)
4. Operating with E-views (2006,NBRM, R.Macedonia)
5. Real Convergence and Monetary Policy Issues for Countries on their Way to the EU (2006, IMF Institute Vienna, Austria)
6. Inflation Targeting (2006, Central Bank of Serbia)
7. Macroeconomic modeling and forecasting using E-Views (2007, NBRM, R.Macedonia)
8. Monetary Policy in Developing Countries (2007, Central Bank of Switzerland)
9. Economic research in South-Eastern Europe (2007, Central Bank of Albania)
10. Financial Programming and Policies (2007, IMF Institute Washington, USA)
11. Macroeconomic Management and Financial Sector Issues (2008, IMF Institute Vienna, Austria)
12. Economic modeling and forecasting (2008, CCBC, Bank of England)
13. Macroeconomic modeling and forecasting II (2009, NBRM, R.Macedonia)
14. Macroeconomic Management and Fiscal Sector Issues (2009, IMF Institute Vienna, Austria)
15. Macroeconomic Diagnostic course (2010, IMF Institute Washington, USA)
16. Fiscal Policy in the Crisis and Beyond: Short-term Impacts and Long-term Implications (2010, Conference, Zagreb)
17. Modelling and Forecasting (2011, Workshop, Deutsche Bundesbank, Frankfurt, Germany)
18. Central Banking (2011, Seminar, Federal Reserve Bank of New York, New York, USA)
19. US Monetary Policy Implementation (2011, Seminar, Federal Reserve Bank of New York, New York, USA)
20. Payment and Securities Settlement Systems (2012, De Nederlandsche Bank, Amsterdam, Netherlands)
21. 19th Annual Reserve Management Seminar for Sovereign Institutions (2013, UBS, Zurich, Switzerland)
22. Inclusive Growth (2013, Seminar, IMF, Washington DC, USA)
23. 20th Reserve Management Seminar for Sovereign Institutions (2014, UBS, Ermatingen,

Switzerland)
24. Workshop on Governance and Fundamentals of Asset Allocation (2015, World Bank – RAMP, Washington DC, USA)
25. Executive Leadership Colloquium (2015, World Bank, Windsor, UK)
26. 17th ECB Seminar on Payment, Clearing and Settlement for Central Banks (2017, ECB, Frankfurt, Germany)
27. Leadership and Change Management Executive Program (2017, World Bank Treasury and Yale School of Management, New Haven, Connecticut, USA)
28. Erste Group Winter Academy – Will Inflation Come Back Again (2017, Erste Group, Obertauern, Austria)

М-р Маја Кадиевска Војновиќ учествувала како говорник/панелист следните меѓународни стручни и научни конференции и форуми:

1. Central and Eastern European Forum -Euromoney conference, Austria, Vienna, 2012
2. IMF/WB Constituency Meeting, National Bank of Romania & Ministry of Public Finance of Romania, IMF/WB, Romania, 2012
3. Summit of Regional Ministers and Governors "Financial Future of the Region" Ministry of Finance of the Republic of Montenegro, 2012
4. Regional Workshop: Redefining convergence in SEE: Implications of changes underway in the EU and euro area, South East European Studies at Oxford (SEESOX) and Bank of Albania, 2013
5. Conference "State and future of regional financial systems", NBS, Belgrade, 2013
6. Meeting - Finances of Central Banks, BIS (Bank for International Settlements), 2013
7. Conference - National Asset - Liability Management Europe 2014, Central Banking Publications, UK, London, 2014
8. Constituency Meeting 2014, IMF/World Bank, Netherlands, The Hague, 2014
9. High level seminar „South East Europe in an Environment of Volatile Capital Flows", B&H, Sarajevo, 2014
10. 9th Annual National Asset - Liability Management Europe Symposium, Central Banking Publications, UK, London, 2015
11. Conference "Consequences of the Eurosystem's Non-Standard Measures for the Western Balkans", Vienna, JVI, 2015
12. Conference on Economic Governance in Europe and EU Accession Process: What Role for Central Banks? National Bank of Serbia, 2015
13. "Strengthening the Role of Local Currencies in the Western Balkans - Strategies, Challenges and Benefits", Frankfurt, 2015
14. Conference on Central Bank and Supervisory Governance, De Nederlandsche Bank, Amsterdam, Netherlands, 2016
15. XXXV Meeting of the Central Bank Governors' Club of Central Asia, Black Sea Region and Balkan Countries, June 2016, Almaty, Kazakhstan
16. Workshop on Governance Framework for Reserve Management, World Bank Treasury and BIS, Basel, Switzerland, 2017
17. 7th BBVA Seminar for Public Investors and Issuers, BBVA, Bilbao, Spain, 2018
18. Astana Economic Forum "Today's Shifting Global Economic Landscape", The Government of the Republic of Kazakhstan, Economic Research Institute - Kazakhstan, RBWC and ISPG, May 17-18, 2018, Astana, Kazakhstan
19. xCEEd FinTech Conference, May 22-23, 2018, Belgrade, Serbia
20. Summit of National Bank Governors, Finance Ministers and Tax Administration Directors of the Region "Financial and Monetary Stability in the Region Ten Years After the Global Financial Crisis", NIN Fokus, Ministry of Finance of the Republic of Montenegro, Central Bank of Montenegro, June 14-16, 2018, Becici, Montenegro.

Како говорник/панелист учествувала на слените домашни стручни и научни конференции и форуми:

1. Конференција „Иднината на ЕВРОТО – предизвици за финансиската стабилност“, фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Цивилно општество“ во соработка со Македонско-германската бизнис организација и Европската бизнис асоцијација, Скопје, 30.03.2012 година
2. Настан во организација на Про-Кредит банка, Скопје, 13.07.2012 година
3. “17-то Годишно собрание на АЦИ Македонија” - Здружение на финансиски пазари, 04-06 мај 2012 година, Струмица
4. “18-то годишно собрание на АЦИ Македонија” - Здружение на финансиски пазари, Крушево, мај 2013 година
5. Презентација на Анкетата за бизнис климата во Република Македонија, македонско-германско стопанско здружение, Скопје, 10 април 2014 година
6. Трета регионална конференција за финансиска едукација за Европа и Централна Азија, Скопје, 2 - 3 октомври 2014 година
7. Работилница на ЕРСТЕ на тема: „Ажурирање на правилата и регулативата“, Скопје, 1 декември 2014 година
8. „20-то Годишно собрание на АЦИ Македонија“ - Здружение на финансиски пазари, Струга, 16 мај 2015 година
9. Работилница за теми во областа на спроведувањето на задninските активности во процесот на управувањето со девизните резерви, Скопје, 7-11 септември, 2015 година
10. Семинар во организација на Thomson Reuters, во организација со АЦИ Македонија ЗФП- Скопје, 18 февруари 2016
11. “21 годишно собрание на АЦИ Македонија“ - Здружение на финансиски пазари, Струмица, 28 мај 2016 година
12. Семинар за млади и идни банкари во организација на Академија за банкарство и информатичка технологија (АБИТ), Скопје, 22 јуни 2016 година
13. Завршна конференција на проектот ИПА „Понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ во областа на движењето на капиталот и плаќањата и финансиските услуги - пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги“, Скопје, 30 јуни 2016 година
14. 7-ма Конференција за новите визии во банкарскиот сектор (7th New Banking Vision Conference), Струга, 16 септември 2016 година
15. 4-ти Инвестициски појадок на ERSTE (4th ERSTE Investors’ Breakfast), Скопје, 29 септември 2016 година
16. 5-ти Инвестициски појадок на ERSTE (5th ERSTE Investors’ Breakfast) одржан во Скопје на 28 септември 2017 година
17. Меѓународна конференција на високо ниво за монетарна политика и управување со финансиски средства “Нова нормала? Глобална економска експанзија, динамика на инфлацијата, финансиска стабилност и значењето за управувањето со финансиските средства во меѓународни рамки”, Народна банка на Република Македонија и Комитет за преобразување на Бретон Вудс, Скопје, 16.2.2018 година.
18. Годишна меѓународна конференција за плаќања и пазарна инфраструктура, Народна банка на Република Македонија и Централна банка на Холандија, Охрид (повеќе изданија, вклучувајќи го и 10-тото јубилејно издание во 2017 година).
19. Годишна меѓународна истражувачка конференција на НБРМ (повеќе изданија).

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

М-р Маја Кадиевска Војновиќ има искуство во наставно-образовната дејност. На повеќе наврати е повикана како гостин предавач на Универзитет Американ Колеџ во Скопје и на Универзитетот „Св Кирил и Методиј” – Скопје.

Во рамки на своето долгогодишно работни искуство, таа била автор или ко-автор на повеќе научно- истажувачки трудови од областа на макроекономијата и тоа:

1. Анализа на каматните стапки и каматните маргини на банкарскиот систем во Република Македонија, Народна банка на Република Македонија, 2006 година.
2. Ценовна и доходна еластичност на извозот и увозот на Република Македонија и економскиот раст, Народна банка на Република Македонија, 2007 година.
3. Цените на храната и инфлацијата во Република Македонија, Народна банка на Република Македонија, 2008 година.
4. Цени на недвижностите во Република Македонија, Народна банка на Република Македонија, 2008 година.
5. Расположливиот доход на домаќинствата во Република Македонија, фундаменти и макроекономско влијание, Народна банка на Република Македонија, 2008 година.
6. Јазот помеѓу штедењето и инвестициите во Република Македонија и неговото финансирање, Народна банка на Република Македонија, 2009 година.
7. Оценка на цикличноста на фискалната политика во Република Македонија во текот на периодот на транзиција, Народна банка на Република Македонија, 2010 година.
8. Дали кризата промени сѐ? Емпириска анализа за монетарната и фискалната политика, Народна банка на Република Македонија, 2011 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Маја Кадиевска Војновиќ покажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци Комисијата заклучи дека м-р Маја Кадиевска Војновиќ поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент по група предмети од областа на применета економија и финансии.

Според гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, м-р Маја Кадиевска Војновиќ, да биде избрана во звањето *асистент* по група предмети од областа на применета економија и финансии.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.,
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Томе Неновски, с.р.,
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Вон. проф. д-р Марјан Петрески, с.р.,
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323